# З А К О Н
# ЗА ДЕТЕКТИВСКАТА ДЕЈНОСТ
# (Редакциски пречистен текст*)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на детективската дејност.

### Член 2

Под детективска дејност во смисла на овој закон се подразбира собирање на податоци и информации, нивна обработка, како и посредување со нив на начин утврден со овој закон.

### Член 3

Детективската дејност се врши под условите утврдени со овој закон, а во согласност со Законот за трговските друштва.

## II. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКАТА ДЕЈНОСТ

### Член 4

Детективската дејност може да ја врши само детектив со лиценца за вршење на детективска дејност (во натамошниот текст: лиценцата).

Лиценцата ја издава Министерството за внатрешни работи на лице кое поднело барање за издавање лиценца за вршење детективска дејност (во натамошниот текст: кандидат) и кое покрај општите услови за засновање на работен однос определени со закон ги исполнува и следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има живеалиште во Република Северна Македонија;

3) да не му е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност додека трае таа казна, односно прекршочна санкција;

4) да има завршено високо образование;

5) да ужива углед за вршење на детективска дејност, односно со својот досегашен начин на живот, однесување и работа да гарантира дека совесно и чесно ќе ја врши детективската дејност;

---

* Пречистениот текст на Законот за детективската дејност ги опфаќа: основниот текст на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1999, Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2007, Законот за дополнување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/2008, Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011, Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.148/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.193/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.55/16 и Законот за изменување на Законот за детективската дејност, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

6) во последните две години пред да добие лиценца за работа да не извршувал работи и задачи во областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно со прописите од областа на внатрешните работи, работни места на определени должности согласно со прописите од областа на разузнавањето или работните места од член 123 од Законот за одбрана и

7) да има положено стручен испит за вршење на детективска дејност (во натамошниот текст: стручен испит).

Одредбата на став 2 точка 7) на овој член не се однесува на лица кои најмалку три години вршеле работи и задачи од став 2 точка 6) на овој член.

Образецот на барањето за издавање на лиценца и образецот на лиценцата ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член по службена должност да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од ставот 2 точки 1), 2), 3), 5) и 7) на овој член.

Овластено службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 5 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоците во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**Член 4-а**

Лиценцата од членот 4 на овој закон Министерството за внатрешни работи ја издава во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето со потребната документација за издавање на лиценцата. Доколку Министерството за внатрешни работи не ја издаде лиценцата, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на лиценцата во рокот од ставот 1 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за внатрешни работи заради донесување на решение од страна на министерот за внатрешни работи. Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 2 на овој член ги пропишува пропишува министерот за внатрешни работи.

**Член 5**

Стручниот испит се полага пред испитна комисија на Министерството за внатрешни работи составена од претседател, двајца членови и нивни заменици, од кои еден член и неговиот заменик се информатичари (во натамошниот текст: испитна комисија).

Стручниот испит од ставот 1 на овој член, технички го спроведува овластено правно лице во согласност со одредбите од овој закон.

На претседателот, членовите и заменците на испитната комисија од ставот 1 на овој член, за секој одржан стручен испит им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение. Надоместокот на годишно ниво не смее да го надмине износот од три просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика.

Трошоците за полагање на стручниот испит се на товар на кандидатот.

**Член 5-а**

Стручниот испит се спроведува во два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (студија на случај), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

Првиот дел од стручниот испитот се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Првиот и вториот дел од стручниот испит се полага по стручни предмети од следниве области:

I. Статусни права на граѓаните;
II. Јавен ред;
III. Казнено право;
IV. Заштита на лица и имот;
V. Криминалистика и
VI. Криминологија и психологија.

Вториот дел на испитот се состои од изработка на писмен предмет, односно решавање на случај од праксата (студија на случај) со примена на прописите по стручните предмети од областите од ставот 3 на овој член.

**Член 5-б**

Стручниот испит се полага според програма за полагање на стручен испит во која се содржани областите, прописите, предметите и правната литература.

Програмата и начинот на полагање на стручниот испит ги пропишува министерот за внатрешни работи.

**Член 5-в**

Базите на прашања за првиот и базите на студии на случај за вториот дел на стручниот испит ги изготвува комисија формирана од министерот за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Прашањата од првиот дел од испитот и студиите на случај од вториот дел од стручниот испит ги верификува испитната комисија.

Испитната комисија врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случај најмалку двапати годишно.

При ревизијата испитната комисија особено ги има предвид измените на правните прописи на кои е засновано прашањето, односно случајот, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите.

Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на студии на случај, испитната комисија одлучува најмалку 30% од прашањата и студиите на случај да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базите.

**Член 5-г**

Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

Кандидатите за полагање на стручниот испит и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за внатрешни работи и Јавниот радиодифузен сервис.

Полагањето на стручниот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за внатрешни работи, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Во просторијата за полагање на стручниот испитот, за време на полагање на испитот се присутни членовите на испитната комисија.

Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручниот испит ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на стручниот испит.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за внатрешни работи најдоцна во рок од 15 дена од завршување на стручниот испит.

**Член 5-д**

Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, испитната комисија го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од стручниот испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од испитната комисија, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

Доколку кандидатот при полагање на првиот и вториот дел од стручниот испит постапува спротивно на ставовите 2 и 3 на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот и му се изрекува забрана за полагање на

стручниот испит во траење од три години, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Во случаите од ставот 4 на овој член, се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит, кој го составува испитната комисија.

**Член 5-ѓ**

Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел) во еден ден, а потоа се полага вториот дел (студија на случај).

Вториот дел се полага во рок од најмалку осум дена по успешното полагање на првиот дел.

**Член 5-е**

Првиот дел од испитот се полага по секој од предметите од областите наведени во членот 5-а став 3 од овој закон и содржи најмалку десет прашања со три опции за заокружување од кои една е точна, една е слична и една не е точна.

Кандидатот мора да оствари најмалку 70% точни одговори од секој предмет од најмалку четири области со што се смета дека делумно го положил стручниот испит.

Кандидатот мора да оствари најмалку 70% точни одговори од секој предмет од сите шест области од првиот дел во најмногу три последователни месеци.

Доколку кандидатот не го положил првиот дел од стручниот испит согласно со ставовите 2 и 3 на овој член се смета дека не го положил испитот.

**Член 5-ж**

Вториот дел од испитот се состои од студија на случај заснована на предметите од областите наведени во членот 5-а став 3 од овој закон.

Кандидатот мора вториот дел да го положи во два последователни месеци по завршувањето на првиот дел од стручниот испит.

Доколку кандидатот не го положил вториот дел од стручниот испит согласно со ставот 2 на овој член се смета дека не го положил стручниот испит.

**Член 5-з**

Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со решавање на случај од праксата (студија на случај) со примена на прописите по стручните предмети од областите наведени во членот 5-а став 3 од овој закон, во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронска студија на случај).

Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на правосудниот испит и нивните одговори, како и студиите на случај и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит, кој го воспоставува и одржува Министерството за внатрешни работи.

Електронскиот систем од ставот 4 на овој член содржи и достапна база од најмалку 300 прашања од областа на предметите од областите наведени во членот 5-а став 3 од овој закон за потребите на првиот дел од стручниот испит, како и достапна база од најмалку 200 студии на случај за потребите на вториот дел од испитот.

Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и правната литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од стручниот испитот и прописите за вториот дел од испитот.

Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на стручниот испит изнесува 30 минути за секоја од областите наведени во членот 5-а став 3 од овој закон.

**Член 5-ѕ**

Првиот и вториот дел од стручниот испит содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставник од испитната комисија дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.

Електронскиот систем за полагање на стручниот испит не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронска студија на случај за вториот дел од испитот за повеќе од еден кандидат.

**Член 5-и**

Тестовите и студиите на случај се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

Материјалите и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за внатрешни работи.

Министерот за внатрешни работи формира Комисија за ревизија на одржани стручни испити (во натамошниот текст: Комисијата за ревизија) која е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици од кои еден член и неговиот заменик се информатичари.

Комисијата за ревизија во својата работа ги користи материјалите и снимките од ставот 2 на овој член.

Комисијата за ревизија има различен состав од испитната комисија.

Комисијата за ревизија се состанува по секој одржан стручен испит и врши ревизија на спроведување на испитот, за што доставува извештај до министерот за внатрешни работи.

На претседателот, членовите и заменициte во комисијата за ревизија им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение.

**Член 6**

Министерството за внатрешни работи донесува решение за одбивање на барање за издавање на лиценца во случај кога кандидатот не ги исполнува условите од членот 4 на овој закон.

Против решението од ставот 1 на овој член кандидатот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 7**

Со денот на уписот во трговскиот регистар, детективот поднесува барање до Министерството за внатрешни работи за издавање на легитимација за вршење на детективска дејност (во натамошниот текст: легитимација).

Со барањето од ставот 1 на овој член детективот доставува доказ за осигурување од одговорност за штета спрема нарачувачот на детективската услуга (во натамошниот текст: странката) или трето лице, која може да ја причини при вршење на детективската дејност.

Најнискиот износ на осигурување се определува во висина од петгодишна просечна плата во Република Северна Македонија пресметана според податоците од Заводот за статистика.

Детективот е должен уредно да го продолжува осигурувањето од ставот 2 на овој член.

Министерот за внатрешни работи најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето ќе му издаде легитимација на детективот.

Министерот за внатрешни работи ќе го пропише образецот на барањето за издавање на легитимација и образецот и начинот на издавањето на легитимацијата.

Членот 8 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за детективска дејност („Службен весник на РМ" бр.66/07).

**Член 9**

На детективот ќе му се одземе лиценцата со решение донесено од Министерството за внатрешни работи ако:

- повеќе не ги исполнува условите определени со овој закон и
- не ги отстранил недостатоците во рокот утврден со решението од член 25 на овој закон.

**Член 10**

Против решението за одземање на лиценцата детективот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

По донесување на конечното решение за одземање на лиценцата, детективот е должен во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението, лиценцата и легитимацијата да ги врати во Министерството за внатрешни работи, заради нивно поништување.

Во случај кога детективот нема да постапи согласно со ставот 2 на овој член, Министерството за внатрешни работи ги огласува лиценцата и легитимацијата u1079 за неважечки во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Детективот на кој му е одземена лиценцата не може да побара издавање на лиценца пред истекот на две години од конечноста на решението со кое му е одземена лиценцата.

## Ш. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ДЕТЕКТИВОТ

### Член 11

Детективските услуги се вршат само врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу детективот и странката и посебно писмено овластување од странката заверено кај нотар.

### Член 12

Детективот може да собира податоци и информации:

- за обезбедување на доказни материјали во врска со кривични дела или сторители на кривични дела;
- за лица кои се исчезнати или сокриени, за пишувачи на анонимни писма или за причинители на материјална штета;
- за откривање на идентититет на лице и негово живеалиште, односно престојувалиште;
- за украдени или изгубени предмети;
- за докази кои се во врска со заштита или утврдување на вистинитоста во постапка пред суд, друг државен орган, институција што врши јавни овластувања или правно лице кое одлучува за одделни права на странката;
- за односот на работниците спрема заштитата на деловната тајна и
- за успешноста и деловноста на правни лица.

### Член 13

Детективот е должен да пријави кривично дело за кое се гони по службена должност, доколку во текот на работата дојде до сознание за такво дело.

### Член 14

Детективот не смее да собира податоци за личниот и семејниот живот, здравствената состојба или верските уверувања на лица, освен ако е тоа основа за развод на брак или се однесува на член на семејството на странката.

Детективот не смее да собира податоци за политичко уверување и дејствување на лица.

Детективот не смее да склучува договори за работи од надлежност на државните органи.

Детективот не смее да склучува договори со домашни или странски државни органи или политички партии.

### Член 15

Податоците и информациите од член 12 на овој закон, детективот може да ги прибавува од лицето на кое тие податоци се однесуваат, од друго лице ако истото се согласи да даде податоци и информации и од овластени лица на државни u1086 органи, институции и правни лица.

Овластените лица на државни органи, институции и правни лица се должни на детективот да му ги дадат бараните податоци од евиденциите кои се достапни за јавноста, а во врска со податоците и информациите од член 12 на овој закон. Детективот има право и на увид во судски, управни и други списи ако тоа, право и припаѓа на странката со која склучил договор.

При вршење на увид во списите од став 2 на овој член, детективот е должен да го покаже и писменото овластување од странката.

**Член 16**

При вршење на детективската дејност детективот е должен да носи легитимација.

Детективот е должен да ја покаже легитимацијата кога се повикува на овластувањата од овој закон или кога тоа го бара субјектот кој врши надзор над неговата работа.

**Член 17**

При вршење на детективската дејност, детективот не смее да употребува оружје или други средства на присилност, ниту да користи методи и средства кои со закон се забранети или за чија примена се овластени само надлежните државни органи.

**Член 18**

Детективот не смее да извршува работи сврзани со наплата на долг меѓу доверители и должници.

**Член 19**

Податоците, информациите и сознанијата до кои детективот дошол при вршењето на детективската дејност, може да ги користи само согласно со склучениот договор.

Детективот не смее врз основа на собраните информации и податоци при вршето на детективската дејност за која има склучено договор со странката, да презема дејствија спротивни на интересите на странката како за време на вршење на договорената детективска услуга, така и по нејзиното извршување.

**Член 20**

За извршената работа детективот изготвува писмен извештај. Писмениот извештај од став 1 на овој член детективот е должен да го предаде на странката со сите собрани податоци кои се однесуваат на договорената работа, а останатите податоци кои не се од значење должен е да ги уништи во рок од осум дена од денот на исполнувањето на договорот.

**Член 21**

Со добиените податоци и информации при вршењето на дејноста, детективот располага во согласност со прописите за заштита на личните податоци и со прописите за класифицираните податоци.

## IV. ЕВИДЕНЦИЈА

**Член 22**

Министерството за внатрешни работи води евиденција на детективите на кои им е издадена лиценца.

Евиденцијата од став 1 на овој член ги содржи следниве податоци:

- лично име на детективот;
- фотографија;
- датум и место на раѓање;

- единствен матичен број;
- живеалиште и адреса на станот;
- стручна подготовка;
- претходно вработување;
- датум на полагање на стручниот испит и,
- број на издадената, односно поништена лиценца и легитимација.

**Член 23**

Прибирањето, чувањето и користењето на податоците во евиденцијата се врши согласно со прописите за заштита на личните податоци и со прописите за класифицираните податоци.

**Член 24**

Детективот е должен да води евидентен регистар на склучените договори за детективски услуги.

По барање на Министерството за внатрешни работи, детективот е должен во рок од пет дена да го достави на увид регистарот од став 1 на овој член.

Министерот за внатрешни работи ќе ја пропише содржината и начинот на водење на евидентниот регистар.

## V. НАДЗОР

**Член 25**

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за внатрешни работи.

Детективот е должен да го овозможи вршењето на надзорот, да ја стави на располагање соодветната документација и да ги даде потребните податоци и известувања, освен за содржината на склучените договори и прилозите кон нив.

Ако при вршењето на надзорот се утврди дека детективот не се придржува кон одредбите на овој закон, Министерството за внатрешни работи му издава решение за отстранување на недостатоците во определен рок кој не може да биде подолг од три месеци.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на детектив, ако:

1) врши детективска дејност без лиценца (член 4 став 1);

2) врши детективска дејност без писмен договор и без посебно писмено овластување од странката (член 11);

3) собира податоци и информации спротивно на член 12 на овој закон;

4) не пријави кривично дело за кое се гони по службена должност (член 13);

5) склучи договор за работи од надлежност на државните органи (член 14 став 3);

6) склучи договор со домашни или странски државни органи или политички партии (член 14 став 4);

7) при вршење на детективската дејност употреби оружје, други средства на присилност, или користи методи и средства кои со закон не се дозволени или за чија примена се овластени само надлежни државни органи (член 17) и

8) изврши работи сврзани со наплата на долг меѓу доверители и должници (член 18).

Во случај на повторно сторување на прекршоците во рок од една година од став 1 на овој член на детективот му се изрекува прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност, согласно Законот за прекршоците.

Глоба во износ од 15 до 30 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Министерството за внатрешни работи ако не ги побара доказите и податоците по службена должност во рокот утврден во членот 4 став 5 од овој закон.

Глоба во износ од 15 до 30 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако не ги достави бараните докази и податоци во рокот утврден во членот 4 став 6 од овој закон.

**Член 26-а**

Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит, доколку не го блокира радиофреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот (член 5-г став 6).

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на претседателот, членовите и замениците на испитната комисија од членот 5 од овој закон, ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членот 5-д ставови 2 и 3 од овој закон.

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на претседателот, членовите и замениците на комисијата за ревизија од членот 5-и од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведување на стручниот испит, а тоа не го констатираат во извештајот до минитерот за внатрешни работи.

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на членот 5-д ставови 2 и 3 од овој закон.

**Член 26-б**

За прекршоците предвидени во членовите 26 и 26-а од овој закон, прекршочната постапка ја води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

**Член 26-в**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 27**

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на детектив, ако:

1) не се осигури од одговорност или уредно не го продолжи осигурувањето (член 7);
2) прибави податоци и информации спротивно на член 15 став 1 на овој закон;
3) при вршење на увид во списите од член 15 став 2 на овој закон не го покаже и писменото овластување од странката (член 15 став 3);
4) при вршење на детективските работи не носи легитимација (член 16 став 1);
5) не ја покаже легитимацијата кога се повикува на овластувањата од овој закон или кога тоа го бара субјектот кој врши надзор над неговата работа (член 16 став 2);
6) постапи спротивно на член 19 од овој закон;
7) не го предаде писмениот извештај и собраните податоци на странката или не ги поништи податоците кои не се од значење во определениот рок (член 20);
8) постапи спротивно на член 21 на овој закон;
9) не води евидентен регистар на склучените договори за детективските услуги (член 24 став 1);
10) евидентниот регистар не го достави на увид на Министерството за внатрешни работи (член 24 став 2) и
11) постапи спротивно на член 25 на овој закон.

**Член 27-а**

За прекршоците предвидени со одредбите од член 27 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

**Членот 27-б е избришан,** види: Закон за изменување на Законот за детективската дејност ("Службен весник на РСМ" бр.171/22).

**Член 27-в**

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од членот 27-а од овој закон, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 27-г**

По исклучок од членот 27-а од овој закон, кога сторителот на прекршокот е странец, прекршочната постапка ја води надлежниот суд.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 29**

Постојните детективи се должни својата работа да ја усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 30**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,,Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност ("Службен весник на РМ" бр.51/11)

**Член 3**

Подзаконскиот акт од членот 4-а став 3 на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по три месеци од влегувањето во сила на овој закон, освен одредбата од членот 2 на овој закон која ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за детективската дејност ("Службен весник на РМ" бр.164/13)

**Член 4**

Подзаконските прописи предвидени во членовите 1, 5-б став 2 и 5-г став 2 од овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Започнатите постапки за полагање на стручниот испит до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување на**
**Законот за детективската дејност**
**("Службен весник на РМ" бр.148/15)**

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување на**
**Законот за детективската дејност**
**("Службен весник на РМ" бр.193/15)**

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување на**
**Законот за детективската дејност**
**("Службен весник на РМ" бр.55/16)**

**Член 6**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување на**
**Законот за детективската дејност**
**("Службен весник на РСМ" бр.171/22)**

**Член 6**

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".